Класа 12 - Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти;
Класа 13 - Општо осигурување од одговорност;
Класа 14 - Осигурување на кредити;
Класа 15 - Осигурување на гаранци;
Класа 16 - Осигурување од финансиска загуба;
Класа 17 -Осигурување на правна заштита и
Класа 18 - Осигурување на туристичка помош.

4. Уписот на друштвото од точка 1 од ова решение во трговскиот регистар да се изврши по приложен доказ за уплатени парични средства во износ од 3.000.000 евра (три милиони евра) на име акционерски капитал на друштвото на посебна сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

5. Друштвото од точка 1 од ова решение е должно да започне со работа во рок од шест месеци од денот на донесување на ова решение.

6. Друштвото од точка 1 од ова решение е должно писмено да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување за започнување со работа во рамки на класите на осигурување наведени во точката 3 од ова решение, веднаш по започнувањето со работа.

7. Друштвото од точка 1 од ова решение е должно да назначи овластен актуар во рок од 2 месеца од денот на уписот на друштвото во трговскиот регистар.

8. Друштвото од точка 1 од ова решение е должно да вработи најмалку еден внатрешен ревизор кој се стекнал со уверение за овластен ревизор согласно Законот за ревизија, веднаш по уписот на друштвото во трговскиот регистар.

9. Друштвото од точка 1 од ова решение е должно да го вработи во постојан работен однос Извршниот член на Одборот на директори, веднаш по уписот на друштвото во трговскиот регистар.

10. Друштвото од точка 1 на ова решение е должно до Агенцијата за супервизија на осигурување да достави потпишана и заверена копија од Статутот и останатите акти на друштвото како и документацијата врз основа на која може да се констатира дека друштвото е кадровски, технички и организационо оспособено за вршење на работите предвидени со Статутот на друштвото во рок од 5 (пет) дена од денот на усвојување на истите.

11. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и друштвото од точка 1 од ова решение ќе се запише во регистарот на друштва за осигурување што го води Агенцијата за супервизија на осигурување.

12. Ова решение е конечно и истото влегува во сила со денот на неговото донесување.

| | |
|---|---|
| УП 14-1-813 | Совет на експерти |
| 6 октомври 2023 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

**3899.**

Врз основа на член 158-а став (2) и член 158-ѕ став (1), а во врска со член 106-а став (5) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 88/13, 43/14, 12/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/2018 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 31/20 и 173/22), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 5.10.2023 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИ БАРАЊА ЗА ПРИЕМ, ОБРАБОТКА, РЕЗЕРВАЦИЈА И ИСПЛАТА НА БАРАЊЕ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И/ИЛИ ОСИГУРЕН ИЗНОС ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ**

Член 1

Во Правилникот за минимални барања за прием, обработка, резервација и исплата на барање за надомест на штета и/или осигурен износ во функција на подобра заштита на правата на осигурениците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/2020 и 174/2023) во член 5 ставот 8 се менува и гласи:

“(8) Во случај кога осигуреникот ќе достави приговор до друштвото за осигурување, друштвото за осигурување е должно во рок од три работни дена од денот на прием на приговорот повторно да издвои резерва за штета, при што резервата за штета се издвојува до денот на исплата на барањето за надомест односно до денот на негативно одлучување по барањето за надомест.”

Член 2

Во член 19 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

“(1) Во случај на сообраќајна незгода во која се вклучени две или повеќе моторни возила осигурани во две или повеќе друштва за осигурување, друштвата за осигурување каде се осигурани сопствениците на моторните возила се должни да соработуваат и разменуваат податоци во насока на ефикасно и навремено решавање и исплата на барањето/а за надомест во рокови утврдени со закон и овој правилник.

(2) Во случај на сообраќајна незгода во која се вклучени две или повеќе моторни возила осигурани во две или повеќе друштва за осигурување, во која штета претрпело трето лице кое не е виновно за причинување на незгодата, штетата на третото оштетено лице треба солидарно да се надомести од страна на вклучените друштва за осигурување во рокови утврдени со закон и овој правилник при што евентуалните спорови помеѓу друштвата за осигурување не влијаат на исплатата на штетата спрема третото лице.“

Ставот (3) се брише.

Член 3

По членот 19 се додава нов член 20 кој гласи:

“Член 20

(1) Во однос на барањата за надомест по основ на зелена карта се применуваат роковите за решавање на штети предвидени со меѓународни договори.

(2) Доколку не е утврден посебен рок согласно меѓународни договори, се применуваат роковите за начинот на евиденција, обработка и исплата на штета предвидени со овој правилник.“

Член 4

Членовите 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 стануваат членови 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28 и 29 соодветно.

Во членот 28 кој станал член 29 ставот (3) се брише.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-759/1 | Совет на експерти |
| 5 октомври 2023 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |